# Електронска достава на извештаи за социјална медицина

За олеснување на работата на матичните лекари, гинеколозите и стоматолозите во однос на испраќање и доставување на тримесечните извештаи по дијагнози и број на посети(социјална медицина)до ЦЈЗ, во Prima Dent е имплементирана функционалностза електронско испраќање на истите до надлежните институции, која постепено ќе се воведува во центрите за јавно здравје во земјата, па соодветно на тоа ќе станува достапна и до ординациите.

Најпрво се креираат извештаите, од главното мени од се избира Извештаи -> За Социјална медицина -> Извештај за утврдени заболувања. Ви се отвара формаата Потребни параметри за извештај за утврдени заболувања (*слика: 1*). Тука се пополнуваат податоците за период, датум од и датум до (почеток и крај на тромесечје). Во делот Град-Село, за да ви прикаже точни податоци во извештајот, најпрво се кликнува на Село, па на копчето **Креирај извештај**. Потоа кликнуватеГрад, па **Креирај извештај** и на крајот Град-Село и повторно **Креирај извештај**.




*Слика 1: Извештај за утврдени заболувања*

Откако ќе го креирате извештајот, кликнувате на **Печати извештај**, за да ги проверите податоците. Доколку немате внесено шифра ФЗО на здравственаустанова, при кликање на копчето **Испрати извештај** на екран еднократно Ви се појавува нова форма за внес на шифра ФЗО за здравствена установа. За да ви дозволи да го испратете извештајот ова поле задолжително треба да се потполни.(*слика: 2*)




*Слика 2: Шифра ФЗО за здравствена установа*

Доколку е во ред генерираниот извештај, кликнувате повторно на копчето **Испрати извештај.** Повратно се добива порака за успешно испратен извештај (*слика: 3*) и датум и час кога е испратен извештајот (*слика: 4*).




*Слика 3: Успешно испратен извештај*

**Напомена:** копчето Испрати извештај е активно за кликање само кај ординациите што спаѓаат во реон на ЦЈЗ кој ја поддржува функционалноста за електронско испрашање на извештаите.Кај сите други ова копче не е активно.




*Слика 4: Датум и час за испратен извештај*

За испраќање на извештајот за први и контролни прегледи, од главното мени избираме Извештаи -> За Социјална медицина -> Први и контролни прегледи. Ни се отвара формата Извештаи за социјална медицина каде што го внесуваме периодот, односно почеток и крај на тромесечје




*Слика 5: Извештај први и контролни прегледи*

**Напомена :**Извештаите можете да ги креирате и испратите повеќе пати. Нема ограничувања во тој поглед.